Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 11-1025/1
16.12.2019 год
Новаци

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12,93/13,187/13, 42/14,44/15,,129/15,12/15,39/16 и 42/16), **Општина Новаци ,** на ден 16.12.2019., донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД за изградба на градби со намена Е2 –комунална супраструктура – биогасна централа до 1MW на КО 222/38 , КО Добромири, Општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ЛУПД за изградба на градби со намена Е2 –комунална супраструктура – биогасна централа до 1MW на КО 222/38 , КО Добромири, Општина Новаци, нема да има негативно влијание врз животната средина.**

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на ЛУПД **за изградба на градби со намена Е2 –комунална супраструктура – биогасна централа до 1MW на КО 222/38 , КО Добромири, Општина Новаци** , потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа и нема да претстатвува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.11-1025/1
16.12.2019 год
Новаци

Република Северна Македонија · Општина Новаци · Новаци

**Градоначалник**

**Љубе Кузманоски**